СОЗУ “Кузман Шапкарев” – Битола
ул. “Димитар Робев” бр.3
7000 Битола, Република Македонија
тел./факс: 047/238-401
email: ksapkarev@hotmail.com
web: kuzmansapkarev.edu.mk

ПРЕДМЕТ: ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА
,,СОЗУ КУЗМАН ШАПКАРЕВ” ЗА УЧЕБНАТА 2022/23 ГОД.

Работата на училиштето во тек на учебната 2022/23 год. се одвиваше според Годишната програма за работа , согласно со законските прописи на Република Македонија кои произлегуваат од законот за средно образование. Истата е доставена до сите релевантни фактори: Министерството за образование и наука, Советот на Општина Битола, Бирото за развој на образованието на Република Македонија, просветниот инспекторат на Општина Битола, во регуларниот законски рок до 31.08.тековната година.

Од тој аспект, направени беа обиди истата максимално да се реализира. Имено СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола како воспитно - образовна организација учествува во оспособувањето на кадри од ***земјоделско-ветеринарната*** струка на ниво на општина и пошироко во регионот. Согласно со тоа, СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола организира и реализира перманентен воспино - образовен процес за повеќе образовни профили и степен на стручна подготовка.

Во тек на учебната 2022/23 год во нашето училиште беа застапени следните профили:

- **Ветеринатер техничар -** четири годишно образование,
- **Техничар по фитомедицина -** четири годишно образование
- **Агротехничар -** четири годишно образование,
- **Техничар за агроменаџмент-** четири годишно образование.

БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ПО ГОДИНИ И ЗАНИМАЊА

Во СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола во учебната 2022/23 година бројот на ученици по години е следниот:

I година: 1 паралелка и тоа во земјоделска-ветеринарна струка

Клас Бр. на ученици

I - 1 12 ученици ветеринарен техничар / техничар по фитомедицина / агротехничар / техничар по агроменаџмент.

Вкупно: 12 ученици

II година: 2 паралелки и тоа во земјоделска-ветеринарна струка

Клас Бр. на ученици – на почетокот беа 13 ученици, еден ученик се отпиша во месец Ноември

II - 1 6 ученици ветеринарен техничар / техничар по фитомедицина.

II - 2 7 ученици агротехничар – дуална паралелка

Вкупно: 13 ученици

III година: 1 паралелка од земјоделско-ветеринарната струка

Клас Бр. на ученици –9

III -1 9 ученици ветеринарен техничар / техничар за фитомедицина / техничар по агроменаџмент

Вкупно: 9 ученици

IV година: 2 паралелки земјоделско-ветеринарната струка:

Клас Бр. на ученици - 9

IV – 1 ветеринарен техничар / техничар за фитомедицина / агротехничар

Вкупно: 9 ученици

Вкупно во четирите години 43 ученици.

Состојбата на крајот од школската 2022/23 година е следната:

Вкупно 43 ученици, од кои 37 машки и 6 женски. Просек - 3,19

БРОЈНА СОСТОЈБА		
МАШКИ	ЖЕНСКИ	ВКУПНО
37	6	43
УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ		
Одлични	6	
Мн. Добри	6	
Добри	20	
Доволен	9	
Со 1 слаба оцена	0	
Со 2 слаби оцени	0	
Со 3 слаби оцени	0	
Испит на годината	2	
Неоценети	0	

РЕДОВНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ		
	бројчано	**просек по ученик**
Оправдани	1303	30.3
Неоправдани	964	22.4
Вкупно	2267	52.7

Наставата во текот на учебната 2022/23 година се изведуваше според наставниот календар за организација на учебната 2022/23 год. Во тек на ***редовна настава*** покрај обработката на воспитно-образовните содржини се вршеше и следење и оценување на учениците.

Исто така се изведувана е и ***дополнителна воспитно-образовна настава*** во вид на: додатна настава, консултативна настава и индивидуална настава. Во Училиштето овој вид на настава се организираше за учениците кои од разни причини покажуваа слаби резултати во совладувањето на програмските содржини.

Паралелно со стручно-теоретската настава се организираше и ***практична настава*** за сите образовни профили во Училиштето која е во во функција на оспособување на учениците за извршување на работните задачи и работи. Оваа настава се реализираше во рамките на постоечките фарми и земјоделското стопанство на Училиштето, за што и непрекинато создаваме услови за поуспешна реализација, но и со нејзината реализација да се увидат резултатите од истата. Практичната настава се изведуваше по групи во сите класови, предводени од стручни наставници, за сите профили од струките а, за подобар квалитет во наставата, таа се изведуваше во смени.

Исто така, дел од практичната настава се изведуваше во соработка со ветеринарни станици во Битола, АД Пелагонија, ЈП Комуналец, АД Млекара од Битола, ЗОО Градина, Краварски фарми во Породин, Новаци, СИНПЕКС, ДООЕЛ Евро Стил и сл.

Во училиштето согласно со програмските определби за реформирано средно образование

постојат и ***содржини програмирани од Училиштето*** кои се таков облик на образовна дејност со кои училиштето им излегува во пресрет на дел од учениците кои сакаат да изучуваат други содржини или да реализираат други активности надвор од задолжителниот дел.

Во учебната 2021/22 година тие беа избрани од следните подрачја:

- Урбана култура
- Сточарско производство
- Хортикултура
- Претприемништво и бизнис
- Подготовки за вработување и работа
- Природни науки

Во рамките на слободните часови на Училиштето, во неколку наврати беше извршено теренско истражување на учениците, при што во согласност со проектите беа посетени повеќе инстуции и објекти.

Со цел учениците од I - IV година да бидат медицински згрижени, организирани беа систематски прегледи и вакцинации.

Со цел да се заштити здравјето на учениците се превземаа мерки за обнова и реновирање на училишниот намештај, редовно одржување на хигиената на училниците, спортската сала, санитарните јазли, подобрување на личната хигиена по престојот на фармите почитување на куќниот ред и др.

Исто така, механизацијата во стопанството со цел успешно спроведување на практичната настава беше редовно одржувана.

Наставата како најважен сегмент од воспитно-образовната работа во училиштето беше предмет на континуирано следење. Следењето на наствата се реализира на повеќе нивоа и во него учествуваа сите субјекти кои непосредно ја реализираат: Директорот, социологот, психологот меѓусебната посета на наставниците од исти стручни активи.

Унапредувањето на наствата во Училиштето како на теоретската така и на практичната и на друга форма, се одвиваше и со примена на аудио-визуелните средства кои се на располагање на наставниците во библиотеката, како и со користење на компјутерите во соодветните кабинети.

Соработката со родителите на учениците и нивните семејства како битен елемент за воспоставување на спона на релација ученик-наставник, родител-состојба и ситуација во семејството беше редовно практикувана. Главни носители во оваа соработка беа класните раководители кои беа должни да ги известуваат родителите за посета на родителските средби, како и предметните наставници во период кога немаат часови.

И оваа учебна година од страна на училишниот психолог беа организирани советувања за родителите на нередовните и проблематични ученици.

Исто така, Советот на родителите како битна спона преку која родителите ги остваруваат нивните интерес редовно одржуваше свои состаноци.

Во тек на учебната 2022/23 година редовно беа одржани повеќе седници на Наставничкиот колегиум на Училиштето, како и состаноци на Советот на годината кои се одвиваа според предвидена програма во зависност од периодот на годината.

Во рамките на ***училишното стопанство*** беа изведени следните активности:

- Припрема на земјоделските машини за пролетна сеидба;
- Обезбедување на семенски други материјали;
- Организација и изведба на пролетната сеидба
- Нега на есенските посеви;
- Организирање и изведување наводнување на пролетните култури
- Косидба и балирање на фуражни култури
- Генерално чистење и дезинфекција на краварската
- Заштита на пролетните посеви од болести и штетници;
- Подготовка на земјоделските машини за изведување на жетвените работи;
- Подготвување на извештај за бројната и здравствената состојба во училишната фарма;
- Изведување на феријалната пракса, жетва и косидба.
- Активности за есенска сеидба и прибирање на пролетните посеви.
- Дел од практичната настава во училиштето се изведуваше во ботаничка градина на површина од два декари каде се засадени садници од најразлични овошни култури и други растенија. Наводнувањето во истата е спроведено со ***системот за наводнување какпка по капка***.
- Во два наврати е извршена дезинфекција дезинсекција и дератизација на училиштето од страна на стручна екипа. Направени се и годишни санитарни и здравствени прегледи на вработените.

Во соработка со здружението на граѓани од Скопје ЕКО ГАИЈА продолжи со работа проектот: „Прва урбана градина во Битола“, во склоп на кој, во месец март-2022г. е отворена првата урбана градина која го користи системот на **аеропоника**. Проектот ќе продолжи и во учебната 2023/24 година.

Под менторство на наставникот Илија Петровски, реализирани се две прогрми во рамките на Еразмус+ проектот од Националната Агенција. Во склоп на едната програма, во месец Мај и Јуни 2023г. наши ученици беа на едно-неделна стручна едукација во Република Италија и едно-неделна стручна едукација во Република Франција. Исто така, на почетокот на месец Јуни бевме и домаќини од ученици од овие две Европски држави.

Независно од овие проекти, во месец Април бевме домаќини на 4-неделна практична настава на ученици од Шведска.

На 51-ти тракторски натпревар на средните земјоделски училишта одржан во Кавадарци во месец Мај-2023, учествуваа учесници од 10 средни училишта од РС Македонија и имаше 128 ученици и 60 ментори по дисциплини.

Натпреварувачите се натпреваруваа во следните категории: - Вешто возење - Препознавање на коски и органи - Препознавање на семиња и плевели - Калемење - Аранжирање на цвеќе - Органско производство. Овој настан е една од масовните манифестации на кој учениците можеа да ги покажат своите знеања и вештини.

Учениците од нашето училиште, СОЗУ Кузман Шапкарев, го збогатија училиштето со едно

прво и едно второ места и едно трето место во конкуренција на сите стручни земјоделски училишта.

дисциплина калемење – ментор Зоран Трајчевски:
- прво место: Димитар Гогачески – III-1
- второ место: Давид Спироски – III-1

дисциплина препознавање на семиња и плевели – ментор Лидија Трајкова:
- второ место: Елеонора Велевска – IV-1

дисциплина органско производство – ментор Душанка Соколовска:
- трето место: Анастасија Марковска – III-1

Ученикот Михал Саламовски од I-1 под менторство на професорот Драги Стојановски беше победник на ноќната атлетска трка по Широк Сокак во Битола по повод 4ти Ноември – Ослободувањето на Битола.

Според календарот за организација на учебната 2020/21 година беше организирано полагање на државна матура и т.е. завршен испит.

Во согласност со програмата на училишниот психолог, реализирани се различни облици на соработка со локалната самоуправа, разновидни предавања со теми од актуелно значење за возраста на учениците, поради подигање на физичката и менталната култура.

СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Училиштето и локалната сомоуправа соработуваат и активностите успешно ги реализираат. На ниво на локална самоуправа најчесто соработката е со ОО Црвен Краст – Битола, ЈП Комуналец – Битола, Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух Кочо Рацин – Битола, Невладини организации, Средства за информирање, МВР – Битола, Центар за јавно здравје - Битола

СЕПТЕМВРИ 2022год.

	Реализирано
Тековни активности	Септември - Учениците од IIIгод. Иван Јовановски и Божидар Чолаковиќ заедно со психологот Марија Филиповска беа Презентери на конференцијата „Граѓанско на дело: од училница во акција", поддржана од Проектот на USAID North Macedonia за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, во соработка со Младински образовен форум - МОФ / Youth Educational Forum -YEF. 19.09.2022год. - НУУБ „Св. Климент Охридски"-Битола им подели ваучери –едногодишно бесплатно членство на учениците од I година. 30.09.2022год. – СИТ координаторот Лидија Трајкова во склоп на МИМО активностите организира Избор на претседател на класна заедница за IIIгод. со група на ученици пред претставници на нашето училиште, директорот Благојче Кривевски, стручната служба, професорите, родители и сите останати ученици.

ОКТОМВРИ 2022год.

	Реализирано
Тековни активности	12.10.2022год. Учениците од I, II и III год. заедно со професорките Нада Христовска и Живка Иванова посета на Филтерската станица “Дихово” на ЈП Водовод – Битола
	17.10.2022год. - По повод 16 Октомври Светскиот ден на храната и агрокултурата, сите ученици со поддршка од психологот Марија Филиповска организираа хуманитарна акција за собирање нерасиплива храна за неколку семејствата на кои им е најпотребна. Центарот за социјални работи – Битола подпомогна и обезбеди контакт од семејствата каде беше донирана храната.

НОЕМВРИ 2022год.

	Реализирано
Тековни активности	**04.11.2022год.** – Михал Саламовски од I-1 и Антонио Поповски од III-1 под менторство на професорот Драги Стојановски учествуваа на ноќната атлетска трка по Широк Сокак во Битола по повод 4ти Ноември – Ослободувањето на Битола. **16.10.2022год. -** По повод 16 Ноември Светскиот ден на ТОЛЕРАНЦИЈАТА – ОТВОРЕНА ВРАТА КОН МИРОТ, психологот Марија Филиповска одржа креативна работилница што се е ТОЛЕРАНЦИЈА, вклучени беа сите ученици од сите класови. **28.11.2022 –** Здравствената едукација, во соработка со Центарот за Јавно Здравје се одржа предавање за Сексуално Преносливи Болести и СИДА и се одбележа 1 декември – Светскиот ден за борба против СИДА, вклучени беа сите ученици од сите класови.

ДЕКЕМВРИ 2022год.

	Реализирано
Тековни активности	**06.12.2022 год.** во соработка со ОО Црвен Крст-Битола се одржа обука за ПРВА ПОМОШ, вклучени беа сите ученици од сите класови. **16.12.2022** – Хуманитарна акција во пресрет на Нова година за децата од семејството за кое собираа храна на претходната хуманитарна акција во Октомври. Вклучени беа сите ученици и наставници под организација на Иван Јовановски од III-1. **19.12.2022 -** МОН во соработка со мисијата на ОБСЕ во Скопје спроведе истражување за проценка на перцепциите и ставовите за меѓуетничка интеграција на образованието, вклучени 12 наставници, 24ученици од сите години и по еден родител на секое дете.

ФЕВРУАРИ 2023год.

	Реализирано
Тековни активности	**14.02.2023год.** Учениците со зарежување на овошките во овошната градина во склоп на нашето училиште го одбележија Св. Трифун празникот на лозароовоштарите. Вклучени учениците од сите години од смеровите Агротехничар, Техничар за фитомедицина и Техничар за агроменаџмент. **18.02.2023год.** Како да го направиме Интернетот побезбедно место за сите нас? Тоа што го правиме онлајн има големи последици во вистинскиот свет. Фотографиите, видеата, пораките и коментарите што ги споделуваш може да влијаат врз тебе, врз луѓето во твојот живот и врз другите луѓе на Интернетот. Употребата на социјалните мрежи има свои позитивни и

	негативни страни. Професорката по информатика Славица Трајковска, еден од авторите на "Прирачникот за препознавање на лажни профили на социјалните мрежи" во соработка со училишниот психолог Марија Филиповска споделија вистинити приказни и секоја од својот аспект ги разработија со учениците, ставајќи голем акцент на негативните последици од несоодветното користење на интернетот. Вклучени беа сите ученици од сите години. **21.02.2023год.** хуманитарна акција за жртвите од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија. Јована, Николче и Антони ги организираа сите останати ученици и вработини од СОЗУ „Кузман Шапкарев“ - Битола и ги донираа собраните парични средства во Фондот на солидарност на Црвен крст. **21.02.2023год.** Ученици Божидар Чолаковиќ, Иван Јовановски и Димитар Гогачевски беа учесници на 3 те ЦКА-ПХВ работилници под организација на ОО Црвен Крст- Битола. Учениците се дел од 30 селектирани младинци на возраст од 14-18 год. кои успешно ги поминаа трите работилници, следниов период во своите групи започнуваат со изработка и реализација на малите проекти со цел придонесување за подобрување на заедницата. **25.02.2023год.** Претставник на МВР, М-р Ките Трајковски од Одделот за превенција од СВР Битола одржа превентивно предавање за заштита и безбедност во реалниот и виртуелниот свет. Предавањата секогаш надополнети од психологот Марија Филиповска а во функција на најдоброто за учениците. На предавањето учесници беа сите ученици од сите години.

МАРТ 2023год.

	Реализирано
Тековни активности	**07.03.2022 год.** Претставници од подрачното министерство за одбрана одржаа предавање за попоуларизација војската на АРСМ. Вклучени беа ученците од IV-1. **07.03.2022 год.** Ученици Божидар Чолаковиќ,

	Иван Јовановски и Димитар Гогачевски спроведоја активности како волонтерите од Клубот на Млади при Општинската Организација на Црвен крст Битола по повод одбележувањето на „Неделата на борба против ракот". **08-10.Март2023год.** Елеонора Велевска, Анастасија Марковска, Андреа Димовска, Димитар Гогачевски и Иван Јовановски под менторство на професорките Лидија Трајкова и Живка Иванова беа дел од тридневниот UPSHIFT Bootcamp. Проектот беше избран и награден за најдобар преоект. **24.03.2023год.** учениците Димитар Гогачевски, Иван Јовановски и Божидар Чолаковиќ присуствуваа на работилница за врсничка едукација кај младите од Битола во рамки на проектот "Стоп за дискриминација на лицата со попреченост" во организација на Центар за човекови права „Амос“ - Centre for human rights "Amos". **28.05.2023 год.** Промоција на Меѓународниот Славјански Универзитет (МСУ) „Гаврило Романович Державин“пред учениците од IVгод.

MAJ 2023год.

Планирано	Реализирано
Тековни активности	**04.05.2023 год.** Претставницк од МВР Ките Трајковски одржаа превентивно предавање за безбедност во сообраќајот се со цел покренување на свеста кај младите за безбедно учествв во сообраќајот пред матурските прослави. Вклучени беа ученците од III-1, IV-1 и IV-2. **10.05.2023год.** учество на 51-от државен натпревар на средните земјоделски училишта се враќаме со едно прво, едно второ и едно трето место и тоа: - прво место во дисциплина „калемење“за Димитар Гогачески под менторство на наставникот Зоран Трајчевски

	- второ место во дисциплината „препознавање на семиња и плевели“ за Елеонора Велевска под менторство на наставничката Лидија Трајкова - трето место во дисциплината „органско производство“ за Анастасија Марковска под менторство на наставничката Душанка Соколовска **16.05.2023год**. невладината организација Ектер од Битола, како организатор на кампања за едукација на младите за ефектите од пушењето во рамките на проектот „Речи му НЕ на пушењето„ кој е поддржан од Австралиската Амбасада одржа предавање за последиците од пушењето. Предавањето го одржаа Наташа Трајкова Најдовска универзитетски професор и д-р Виктор Стојковски. Вклучени сите ученици од сите години. **22.05.2023 до 23.05.2023 година** „Био-технологија во мојот свет - Програма за искуствено учење“. Учениците од нашето училиште, под менторство на професорите Владимир Илиевски и Златко Крстевски учествуваа на проектот „Биотехнолошка лабораторија – програма за искуствено учење “. Целта на проектот е да ги зајакне вештините на наставниците од средните училишта за поуспешна интеграција на содржини за пренамена на био-отпад во биотехнолошка лабораторија. Во фокус на програмата е изработка на Прирачник за наставници којшто ќе содржи сценарија за часови со експерименти за пренамена на био-отпад, кој материјал ќе биде целосно поддржан со видео запис, како и спроведување на Работилница „Био-технологија во мојот свет-Програма за искуствено учење, со ученици од средните стручни училишта од 7 региони со помош на мобилна Биотехнолошка лабараторија.

Планирано	Реализирано
Тековни активности	**01.06.2023год.** во соработка со Ветеринарниот факултет – Битола, учениците од смерот Техничар за ветеринарна медицина заедно со професорот Златко Крстевски присуствуваа на едукативна посета и од блиску се запознаја со образовните планови на гореспоменатиот факултет. **08.06.2023г.** Училишните „еко чаеви“ беа промовирани и кај градоначалникот на Битола Д-р Тони Коњановски. Претставици на нашето училиште од победничкиот тим на UPSHIFT натпреварот, професорите Лидија Трајкова и Живка Иванова, заедно со учениците Анастасија Марковска и Иван Јовановски го запознаа градоначалникот со процесот на органско производство на чај од нане, жалфија и др зачини, како и нивното пакување. На средбата беше поддржана иницијативата за развој на органското производство во нашата општина и Пелагонискиот регион. Исто така беа промовирани некои идеи и насоки за понатамошна одржливост на проектот. **09.06.2023год.** како заокружување на уште една успешна учебна година полна со проекти и активности, во употреба се пушти училишната целосно дигитализирана метеоролошка станица, во која учениците ќе собираат климатски податоци од нашиот регион кои се од важност за училишното стопанство, но и за локалните производители, со цел подобрување на земјоделските практики. **22.06.2023год.** посета на училиштето и ЕКО градината од страна на Иван Јованов Извршен директор на LEAD и Билјана Филиповска експерт за органското производство ангажирана од LEAD како ментор во делот на UpShift.

ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2022/23

- **03-Ноември-2022 – Нега и јавање на коњи**

По повод денот на ослободувањето на БитолаДенес во Средното земјоделско училиште “Кузман Шапкарев“ во Битола се одржа уникатен настан, кој училиштето го организираше во соработка со коњаница “Галоп“ од Битола. Учениците од нашето училиште и нивните гости од други основни училишта од Битола низ интересен и забавен пристап, близок до учениците учеа за коњите. На настанот беше демонстрирано како се негуваат коњите, како се заседлуваат, подговуваат за јавање и дресираат.



- **18-Март-2023 – Нега и јавање на коњи**

По повод патрониот празник на нашето училиште, во присуство на ученици од основните училишта во нашиот град, го промовиравме „Паркот за социјализација на миленици“ во нашето училиште.



- **Март-Јуни – 2023**

Тимот на нашето училиште од 5 ученици заедно со менторите професорките Лидија Трајкова и Живка Иванова беа победници **UPSHIFT Bootcamp циклус ПОЧВА!** Добиен е грант во противредност на 2000 евра кој го искористивме за подигање на еко-градина за органско производство на чаеви и зачини, како и за набавка на сушара за производите од градината.





- **Јуни – 2023**

Ја пуштивме во употреба нашата целосно дигитализирана метеоролошка станица, во која учениците ќе собираат климатски податоци од нашиот регион кои се од важност за училишното стопанство, но и за локалните производители, со цел подобрување на земјоделските практики.



Битола,
Август-2023

Директор
Благојче Кривевски